**Известување за концентрација со која АГРАНА Бетеилигунгс-АГ ( Agrana *Beteiligungs*-AG) ќе стекне единствена контрола врз Меркатор-Емба производство за храна д.о.о. (*Merkator-Emba proizvodnja- hrane d.o.o.*)**

**(Предмет бр. 08-142 од 2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 02.10.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АГРАНА Интернационале Фервалтунгс- унд Асет-Менаџмент (AGRANA Internationale Verwaltungs- und Asset-Management GmbH), со регистрирано седиште на улица Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија, регистарски бр. FN 197356 f, ќе стекне единствена контрола врз Меркатор-Емба производство за храна д.о.о., со седиште Тржашка цеста 2Ц, 1370 Логатец, Словенија, регистарски број 5002516000.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Групацијата на друштва АГРАНА е преработувач на земјоделски суровини, кои се структурирани во три оперативни дивизии: шеќер, скроб и овошје. Таа е главен снабдувач на скробни производи и биоетанол во Европа, и водечка компанија за шеќер во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Одделот за овошје на АГРАНА е предводен од АГРАНА ИФАМ, преку кое АГРАНА има намера индиректно да ги стекне сите удели и единствена контрола над Меркатор-Емба.

Групацијата АГРАНА има едно зависно друштво во Северна Македонија, друштвото АГРАГОЛД ДООЕЛ, со седиште во Качанички пат 168, 1000 Скопје, Македонија, со ЕМБС 6176640 и регистрирана дејност 46.360 – трговија на големо со шеќер, чоколадо и слатки. АГРАГОЛД ДООЕЛ работи како друштво за дистрибуција на пазарот на Македонија и е дел од многу поголема мрежа на друштвата за дистрибуција АГРАНА-СТУДЕН и АГРАГОЛД во Југоисточна Европа.

Меркатор-Емба е еден од водечките производители на преливи за десерти и инстант какао во Југоисточна Европа. Меркатор-Емба произведува широк спектар на производи погодни за млечната индустрија и индустријата за производи како сладолед, како / чоколадо / карамел, како и производи на овошна основа.

Меркатор-Емба нема корпоративно присуство во Северна Македонија, туку генерира промет преку прекугранична продажба.

За целите на оценка на оваа концентрација подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се дефинира пазарот на производи базирани на какао, или алтернативно пазарот на полуготови производи базирани на какао.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.10.2025 година
Скопје